Уп. бр. 08-29

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 20 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од друштвото ВИВА ФРЕШ Ш.П.К. со регистрирано седиште на адреса Магистралја Приштина Липјан НН, Суходол, Грачаница, Косово, доставено преку адвокат Хекуран Зеќири од Тетово, на седницата одржана на ден 23.08.2022 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се утврдува дека концентрацијата со која ВИВА ФРЕШ Ш.П.К. со регистрирано седиште на адреса Магистралја Приштина Липјан НН, Суходол, Грачаница, Косово ќе стекне контрола над Друштво за трговија КИТ-ГО ДООЕЛ Штип, со регистрирано седиште на бул.Гоце Делчев бр.52 Штип, Република Северна Македонија, по пат на купопродажба на удели во друштвото, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 20 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 26.11.2021 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од страна на ВИВА ФРЕШ Ш.П.К. со регистрирано седиште на адреса Магистралја Приштина Липјан НН, Суходол, Грачаница, Косово, со која ВИВА ФРЕШ Ш.П.К. ќе стекне контрола над Друштво за трговија КИТ-ГО ДООЕЛ Штип, со регистрирано седиште на бул.Гоце Делчев бр.52 Штип, Република Северна Македонија, по пат на купопродажба на удели.

ВИВА ФРЕШ Ш.П.К. достави дополнување на известувањето на ден 02.12.2021 година.

Со допис 08-29 од 27.01.2022 година Комисијата достави до ВИВА ФРЕШ Ш.П.К. барање за дополна на Известувањето.

ВИВА ФРЕШ Ш.П.К. достави дополнување на известувањето на ден 03.02.2022 година.

ВИВА ФРЕШ Ш.П.К. достави дополнување на известувањето на ден 04.02.2022 година.

На ден 07.02.2022 година по електронска пошта од ВИВА ФРЕШ Ш.П.К. е побарано да достави

дополнување на известувањето.

ВИВА ФРЕШ Ш.П.К. достави дополнување на известувањето на ден 11.02.2022 година.

Со допис 08-29 од 15.02.2022 година Комисијата достави до ВИВА ФРЕШ Ш.П.К. барање за дополна на Известувањето, кое со електронска пошта беше доставено до полномошникот на ВИВА ФРЕШ Ш.П.К..- адвокат Хекуран Зеќири од Тетово.

ВИВА ФРЕШ Ш.П.К. достави дополнување на известувањето на ден 16.02.2022 година до Комисијата.

На ден 18.02.2022 година Комисијата издаде потврда за прием на уредно известување за концентрација.

На седница одржана на ден 23.03.2022 годинна Комисијата донесе Заклучок за поведување на постапка УП бр. 08-29.

На ден 29.04.2022 година со Заклучок УП бр. 08-29 од Друштво за трговија и услуги РАМСТОР ДОО, Скопје Комисијата побара доставување на следните податоци: Вкупно остварени приходи во 2021 година прикажани поединечно во маркетите лоцирани на адреса: ул. „Ферид Мурати" бр. 5 Скопје-Чаир, ул.„Втора Македонска Вригада" бр.21 Скопје-Чаир и ул.„Ќемал Сејфула" бр.15, Скопје-Чаир.

На ден 29.04.2022 година со Заклучок УП бр. 08-29 од Друштво за трговија и услуги КИППЕР ДОО Желино, Комисијата побара доставување на следните податоци: Вкупно остварени приходи во 2021 година прикажани поединечно во маркетите лоцирани на адреса: бул. „Македонско-Косовска Бригада" бр. 36 Скопје-Чаир, ул.„Џон Кенеди" бр.25, Скопје-Чаир, ул.„Методија, Митевски" бр.2, Скопје-Чаир, ул.„Босна и Херцеговина" бр.10Б, Скопје-Бутел, ул.„Ќемал Сејфула" бр.2Б , Скопје, Чаир, ул.„Цветан Димов" бр.150, Скопје-Чаир, ул.„Петар Мацунков" бр.12а, Скопје-Бутел, ул.„Ферид Мурати" бр.8, Скопје-Чаир, ул.„Индира Ганди" бр.55, Скопје-Шуто Оризари, ул.„Радишанска" бр.18б, Радишани-Бутел и ул.„Чаирска" бр.36, Скопје-Чаир.

На ден 29.04.2022 година со Заклучок УП бр. 08-29 од Друштво за производство трговија и услуги ГИГО ТРЕЈД Дејан ДООЕЛ Скопје Комисијата побара доставување на следните податоци: Вкупно остварени приходи во 2021 година во маркетот лоцирани на адреса-ул.„Радишанска" 6б Скопје-Бутел.

На ден 29.04.2022 година со Заклучок УП бр. 08-29 од Друштво за производство, трговија и услуги РЕПТИЛ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, Комисијата побара доставување на следните податоци: Вкупно остварени приходи во 2021 година прикажани поединечно во маркетите лоцирани на адреса: ул. „Радишанска" бр.4 локал 1 Скопје, Бутел и ул.„ Александар Урдаревски" бр..1-1/1 Скопје-Бутел.

На ден 29.04.2022 година со Заклучок УП бр. 08-29 од Друштво за производство, трговија и услуги ЖИТО ДООЕЛ извоз-увоз ДООЕЛ Велес, Комисијата побара доставување на следните податоци: Вкупно остварени приходи во 2021 година прикажани поединечно во маркетите лоцирани на адреса: ул. „Бутелска" бб Скопје-Бутел и ул.„Бутелска" бр.29Б Скопје-Бутел.

На ден 29.04.2022 година со Заклучок УП бр. 08-29 од Друштво за трговија на големо и мало СТОКОМАК ДОО увоз-извоз Скопје, Комисијата побара доставување на следните податоци:

Вкупно остварени приходи во 2021 година прикажани поединечно во маркетите лоцирани на адреса: ул. „Бутелска” бр.38 Скопје-Бутел, ул„ Благоја Паровиќ’ бр.1-1/локал 1, Скопје-Чаир, ул.„Ќемал Сејфула” бр.5/лок 20 до 23, Скопје-Чаир, ул. „Босна и Херцеговина” бр.10 Скопје-Бутел и ул.„ Радишанска” бр.18 Б, Радишани, Бутел Скопје.

На ден 29.04.2022 година со Заклучок Уп бр. 08-29 од Производно транспортно услужно трговско друштво АЛДИС ТРЕЈД ДООЕЛ УВОЗ-ИЗВОЗ Скопје Комисијата побара доставување на следните податоци: Вкупно остварени приходи во 2021 година одделно по маркети (со наведување на адреса на маркетот).

На ден 29.04.2022 година со Заклучок УП бр. 08-29 од Трговско друштво за производство, промет и услуги ВЕРОПУЛОС ДООЕЛ Скопје, Комисијата побара доставување на следните податоци: Вкупно остварени приходи во 2021 година во маркетот лоциран на адреса ул. „Џон Кенеди” бр. 2 Скопје-Чаир.

На ден 29.04.2022 година со Заклучок УП бр. 08-29 од ВИВА ФРЕШ Ш.П.К., Комисијата побара доставување на следните податоци: Биланс на успех на ВИВА ФРЕШ Ш.П.К. од Косово за 2021 година; Биланс на успех на Друштво за производство трговија и услуги ВИВА ФРЕШ СТОРЕ ДООЕЛ Скопје со регистрирано седиште на „Македонско Косовска Бригада” 11 бр.1/1 Скопје-Бутел за 2021 година, Биланс на успех на Друштво за трговија КИТ-ГО ДООЕЛ Штип со регистрирано седиште на ул. „Гоце Делчев” бр. 52, Штип за 2021 година и вкупно оставарени приходи на Друштво за трговија КИТ-ГО ДОЕЕЛ Штип-во маркетот лоциран на адреса „Александар Урдаревски” бр.15 Скопје-Бутел за 2021 година.

На ден 29.04.2022 година со Заклучок Уп бр. 08-29 од Друштво за трговија производство и услуги ДИА ЦЕНТЕР ДОО увоз-извоз Скопје, Комисијата побара доставување на следните податоци: Вкупно остварени приходи во 2021 година одделно по маркети (со наведување на адреса на маркетот).

Со допис од 11.05.2022 година Друштво за производство, трговија и услуги РЕПТИЛ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје достави одговор на Заклучокот со електронска пошта.

Со допис од 16.05.2022 година Друштво за производство, трговија и услуги ЖИТО ДООЕЛ извоз-увоз ДООЕЛ Велес достави одговор на Заклучокот.

Со допис од 19.05.2022 година ВИВА ФРЕШ Ш.П.К.достави одговор на Заклучокот.

Со допис од 20.05.2022 година Друштво за трговија и услуги РАМСТОР ДОО достави одговор на Заклучокот.

Со допис од 20.05.2022 година Трговско друштво за производство, промет и услуги ВЕРОПУЛОС ДООЕЛ Скопје достави одговор на Заклучокот.

Со допис од 25.05.2022 година Друштво за производство, трговија и услуги РЕПТИЛ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје претходно доставениот одговор го достави во оригинал во архивата на Комисијата.

На ден 03.05.2022 година службеното лице од Комисијата поднесе Изјава дека Друштво за производство трговија и услуги ГИГО ТРЕЈД Дејан ДООЕЛ Скопје одбил да го прими Заклучокот УП бр. 08-29 од 29.04.2022 година.

На ден 31.05.2022 година службеното лице од Комисијата поднесе Изјава дека Друштво за производство трговија и услуги ГИГО ТРЕЈД Дејан ДООЕЛ Скопје повторно одбил да го прими заклучокот Уп бр. 08-29 од 29.04.2022 година, при што службеното лице оставило,000 Писмена белешка во просториите на Друштво за производство трговија и услуги ГИГО ТРЕЈД Дејан ДООЕЛ Скопје.

На ден 28.06.2022 година со Заклучок УП бр. 08-29 од Друштво за трговија на мало и големо КАМ ДОО Илинден, Комисијата побара доставување на следните податоци: Вкупно остварени приходи во 2021 година прикажани поединечно во маркетите лоцирани на адреса: ул. „Тале Христов" бр.2, Скопје-Бутел, ул.„Радишанска" бр. 4В, Скопје-Бутел, ул.„Ќемал Сејфула" бр.2Б Скопје-Чаир, ул.„Џон Кенеди" бр.18, Скопје-Чаир, ул.„Петар Мацунков" бр.16, Скопје-Бутел и ул.„ Македонско-Косовска Бригада 1" бр.67 зг.2-1/Приземје, Скопје-Чаир.

Со допис од 29.06.2022 година Друштво за трговија на големо и мало СТОКОМАК ДОО увоз-извоз Скопје достави одговор на Заклучокот.

Со допис од 30.06.2022 година Друштво за трговија и услуги КИППЕР ДОО Скопје Желино достави одговор на Заклучокот.

Со допис од 06.07.2022 година Друштво за трговија на мало и големо КАМ ДОО Илинден достави одговор на Заклучокот.

На ден 06.07.2022 година Комисијата донесе Заклучок УП бр.08-29 со кој овласти службени лица да извршат прибавување на докази на лице место од Друштво за производство трговија и услуги ГИГО ТРЕЈД Дејан ДООЕЛ Скопје.

На ден 07.07.2022 година службените лица на Комисијата извршија прибавување на докази на лице место во Друштво за производство трговија и услуги ГИГО ТРЕЈД Дејан ДООЕЛ Скопје, за што е составен Записник бр.08-29 и е издадена потврда за одземена документација.

На ден 27.07.2022 година во просториите на Комисјата е одржан состанок со претставници на подносителот на известувањето - ВИВА ФРЕШ Ш.П.К. за кој е составен записник. На состанокот е договорено рокот за донесување на решение да се продолжи до законски дозволениот максимум.

На ден 27.07.2022 година со допис бр. 08-29 Комисијата го извести подносителот на известувањето - ВИВА ФРЕШ Ш.П.К. дека рокот за донесување на решение во птредметната постапка се продолжува за 20 работни дена.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, прилозите кон истото, дополнувањата и дополнително прибавените податоци го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

-Вива Фреш Ш.П.К. од Косово е друштво кое се занимава со продажба на мало на стоки во неспецијализирани продавници-супермаркети.

Подносителот има поврзано друшто на пазарот во Република Северна Македонија и тоа:

-Друштво за производство, трговија и услуги ВИВА ФРЕШ СТОРЕ ДООЕЛ Скопје**,** со регистрирано седиште на Македонско Косовска бригада 11 бр.1/1 Скопје-Бутел, со приоритетна дејност-трговија на мало во неспецијализирани продавници, претежно храна, пијалоци и тутун.

**-** Друштво за трговија КИТ-ГО ДООЕЛ Штип, Република Северна Македонија е друштво со предмет на работење-друга трговија на мало во неспецијализирани продавници. Истото има 58 маркети на територијата на Република Северна Македонија

Друштво за трговија КИТ-ГО ДООЕЛ Штип, Република Северна Македонија има поврзани друштва на пазарот во Република Северна Македонија и тоа:

-Друштво за трговија, угостителство и услуги ТАЛФА ДООЕЛ ШТИП со регистрирано седиште на бул.Гоце Делчев бр.52, Штип-Република Северна Македонија и со приоритетна дејност-издавање и управување со сопствен недвижен имот или недвижен имот земен под закуп (лизинг).

-Друштво за трговија и услуги ТДЕЛТА-ИНГ 2017 ДООЕЛ Штип со регистрирано седиште на бул.Гоце Делчев бр.52, Штип-Република Северна Македонија и и со приоритетна дејност-издавање и управување со сопствен недвижен имот или недвижен имот земен под закуп (лизинг).

**2. Правна форма на концентрацијата**

Вива Фреш Ш.П.К го купува друштвото КИТ-ГО ДООЕЛ Штип на начин што сопственикот на друштвото КИТ-ГО Штип ќе го подели друштвото со издвојување со основање на ново друштво со поделба на сите средства и обврски на друштвото кои не се поврзани со неговата главна активност на трговија на мало на стоки во неспецијализирани продавници.

По завршувањето на одвојувањето на друштвото, во друштвото ќе останат само средствата, обврските, договорите и вработените поврзани со основната дејност на друштвото, вклучувајќи ги и зависните друштва на КИТ-ГО Штип - Друштво за трговија, угостителство и услуги ТАЛФА ДООЕЛ ШТИП , Штип и -Друштво за трговија и услуги ТДЕЛТА-ИНГ 2017 ДООЕЛ Штип.

Оттука предметната трансакција претставува концентрација бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) од Законот.

**3. Правен основ на концентрацијата**

Правна основа на концентрацијата е Преддоговор за предложено стекнување на КИТ-ГО ДООЕЛ Штип.

**4. Вкупен годишен приход на учесниците на концентрацијата**

На светскиот пазар во 2021година Вива Фреш Ш.П.К. има остварено вкупни приходи во износ од 223.737.171 евра, односно 13.788.250.637[1] денари додека во Република Северна Македонија има остварено вкупен приход од 425.016.695 денари, односно 6.896.598 евра.

Вкупниот приход на КИТ-ГО Штип остварен со продажба на стоки и услуги во Република Северна Македонија во 2021 година изнесува 4.149.157.233 денари, односно 67.326.938 евра.

Заедничкиот вкупен годишен приход на претпријатијата учесници во концентрацијата остварен со продажба на стоки и услуги на светскиот пазар го надминува износот од 10 милиони евра во денарска противвредност и најмалку еден од учесниците е регистриран во Република Македонија. Исто така, заедничкиот вкупен годишен приход на претпријатијата учесници во концентрацијата остварен со продажба на стоки и услуги на пазарот во Република Македонија го надминува износот од 2,5 милиони евра во денарска противвредност. Следствено, за предметната концентрација постои обврска за поднесување на известување за концентрација до Комисијата согласно член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот.

**5. Релевантни пазари, дефиниција и пазарни удели и оценка**

Како релевантен пазар за оценка на предметната концентрација, Комисијата го дефинира пазарот трговија на мало во неспецијализирани продавници, маркети бидејќи и двајцата учесници на пазарот се присутни со продажба на стоки на мало во неспецијализирани продавници – маркети.

Во однос на дефиницијата на географскиот пазар, Комисијата за целите на оценка на предметната концентрација изврши анализа на пазарното учество на следните два географски пазар и тоа:

- пазар на трговија на мало во неспецијализирани продавници- маркети оддалечен до 500 метри за оние купувачи кои купувањата ги вршат пеш. Имено, за купувачите кои одат пеш до маркетите за да ги извршат своите купувања, релевантниот географски пазар е до 500м, односно овие купувачи при мали но трајни промени во цените на производите во одреден маркет би се преориентирале кон купување во други маркети кои се наоѓаат во радиус од 500 метри и не би оделе подалеку токму заради фактот што купувањето го вршат пеш.

- пазар на трговија на мало во неспецијализирани продавници –маркети оддалечени до 3 километри за оние купувачи кои купувањата ги вршат со автомобил. Имено, за купувачите кои одат со автомобил до маркетите за да ги извршат своите купувања, релевантниот географски пазар е до 3км.

**6. Пазарни удели на учесниците на релевантните пазари**

Како што е погоре наведено Вива Фреш Ш.П.К. во Република Северна Македонија има еден маркет ВИВА ФРЕШ СТОРЕ ДООЕЛ Скопје**,** лоциран на ул. Македонско Косовска бригада 11 бр.1/1 Скопје-Бутел, додека КИТ-ГО Штип Во Република Северна Македонија има 58 маркети

[1] Среден курс на НБСРМ 31.12.2021 година 1 евро = 61,6270 денари

од кои 5 се лоцирани во Скопје, од кои само еден е лоциран во Бутел, и тоа маркетот на ул. ул.Александар Урдаревски бр15 Скопје, Бутел.

На првиот релевантен пазар: пазар на трговија на мало во неспецијализирани продавници-маркети оддалечени до 500 метри учесниците во концентрацијата не се присутни на ист пазар. Имено, маркетот ВИВА ФРЕШ СТОРЕ ДООЕЛ Скопје е лоциран на адреса ул. Македонско Косовска Бригада 11 БР.1/1 Скопје и во радиус од 500м вториот учесник не е присутен со свој маркет.

На вториот релевантен пазар: пазар на трговија на мало во неспецијализирани продавници - маркети оддалечени до 3км учесниците во концентрацијата се присутни на ист пазар. Имено, маркетот ВИВА ФРЕШ СТОРЕ ДООЕЛ Скопје е лоциран на адреса ул. Македонско Косовска Бригада 11 БР.1/1 Скопје, Бутел и во радиус од 3км вториот учесник КИТ-ГО Штип е присутен со еден свој маркет лоциран на адреса ул.Александар Урдаревски бр15 Скопје, Бутел, односно оддалеченоста помеѓу овие два маркета е 2,2 км.

Во текот на постапката, Комисијата прибави податоци за вкупно остварените приходи за 2021 година во маркети лоцирани во радиус од 3км од маркетот на ВИВА ФРЕШ СТОРЕ ДООЕЛ Скопје лоциран на адреса ул. Македонско Косовска Бригада 11 БР.1/1 Скопје, Бутел и на маркетот на КИТ-ГО Штип лоциран на адреса ул.Александар Урдаревски бр15 Скопје, Бутел и ги утврди следите пазарни удели:

- ВИВА ФРЕШ СТОРЕ ДООЕЛ Скопје пред концентрацијата имал пазарен удел од 11.76%
- КИТ-ГО Штип (маркетот лоциран на адреса ул.Александар Урдаревски бр15 Скопје, Бутел) пред концентрацијата имал пазарен удел од 1,46%
- По концентрацијата заедничкиот пазарен удел на учесниците на концентрацијата на наведениот релевантен пазар ќе изнесува 13,22%
- Останатите учесници на релевантниот пазар имале удел од 86,78% .

Комисијата го остава отворено прашањето дали и за оние потрошувачи кои купувањата ги вршат со автомобил релевантниот географски пазар би можел да биде и помал, со оглед на фактот дека во радиус од 3км од маркетите на учесниците во концентрацијата одредени друштва имаат повеќе маркети кои меѓусебно се оддалечени и помалку од 3км. Имено, доколку релевантниот географски пазар за оние купувачи кои купувањата ги вршат со автомобил би се дефинирал како помал од 3км учеството на учесниците во конентрацијата нема да се поклопува на истиот географски пазар.

Доколку релевантниот географски пазар за оние купувачи кои купувањата ги вршат со автомобил би се дефинирал како поголем од 3км заедничкото пазарно учеството на учесниците во конентрацијата би било уште помало, односно помало од 13,22%..

Комисијата за заштита на конкуренцијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став 2, став 3 и став 4 од Законот за заштита на конкуренцијата и **Насоките за оценка на хоризонталните концентрации за целите на Законот за заштита на конкуренцијата** оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот, бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на

негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 20 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Владимир Наумовски**